Toyota Авто Центар дел од Inchcape Group и увозник за Toyota, бара **Специјалист за Флотна (Корпоративна) продажба** со полно работно време кој ќе биде дел од нашиот тим лоциран во Скопје:

- Ако Вашата намера е да одите над предизвиците
- Ако Вашиот став е наметлив и проактивен
- Ако имате пасија за работа со клиенти ве охрабруваме да аплицирате за оваа работна позиција.

**СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ФЛОТНА (КОРПОРАТИВНА) ПРОДАЖБА**

**РАБОТНИ ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ:**

- Ги следи и остварува плановите на компанијата за продажба на возила на корпоративни клиенти.
- Развива деловни односи во сегментот на мали и средни претпријатија во рамки на земјата
- Имплементирање на бизнис пристап во корпоративната стратегија со цел висока ефикасност на процесот на продажба, што вклучува подготовка на понуда со комплетен пакет производи и услуги: возило, дополнителна опрема, пакети за постпродажни услуги, осигурување и какви било дополнителни понуди во зависност од потребите на клиентот
- Собирање информации и анализа на пазарниот потенцијал во однос на деловни партнери, профил на компанијата, возен парк итн., со цел идентификување на деловни можности, активно барање потенцијални клиенти и проширување на мрежата на корпоративни партнери на национално ниво.
- Барање и привлекување нови корпоративни клиенти и учество во целиот процес на продажба, од преговори до склучување на зделката
- Познавање на системот за јавни набавки и учество во јавни набавки во име на Toyota Авто Центар
- Ефикасно соработува со одговорни вработени од други оддели на компанијата (Логистика, Финансии, Постпродажба, Маркетинг, Администрација) за да се обезбеди висок стандард на услуга за клиентите и да се почитуваат вредностите на Toyota и Inchcape.
- Подготвува извештаи за преземените активности, спроведувањето на плановите и постигнатите резултати
- Демонстрира висок степен на професионализам во почитувањето на политиката и правилата за работа со клиенти.

**ПОТРЕБНИ ВЕШТИНИ И ИСКУСТВО:**

- Задолжително претходно искуство во продажна комуникација со компании (B2B);
- Одлично познавање на комерцијалните процеси;
- Страст за автомобили и технологија
- Способност за работа во постојано променливо опкружување
- Возачка дозвола (Б категорија)
- Одлично познавање на МС Офис
- Одлично познавање на англиски јазик (пишан и говорен)

Сите заинтересирани кратка биографија може да испратат на: info@toyota.com.mk

Само кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат повикани на интервју.